DIOGEN pro culture magazine & DIOGEN pro art magazine -ISSN 2296-0929; ISSN 2296-0910
Publisher Einhorn Verlag, Kusnacht, Switzerland
E-mail: contact_editor@diogenpro.com / WWW: http://www.diogenpro.com/

DIOGEN
pro kultura magazin pro culture magazine
DIOGEN u print formi i na iPod-u od septembra/rujna 2012...DIOGEN in print form and on iPod as of September 2012.
ISSN 2296-0910 ISSN 2296-0929 ISSN 2296-0937

**Пере Ристески**

## НЕБО

Небо ведро,
зјае, блеска јужно
од мигот на лепрозниот вресок
за слобода.

## ВЕТАР

Ветар студен,
шуми, фучи меѓу
непцата, во молк што се шири
низ воздухот.

NE KOPIRATI

DIOGEN pro culture magazine & DIOGEN pro art magazine -ISSN 2296-0929; ISSN 2296-0910
Publisher Einhorn Verlag, Kusnacht, Switzerland
E-mail: contact_editor@diogenpro.com / WWW: http://www.diogenpro.com/

NE KOPIRATI

**ОБЛАК**

Облак смуртен,
виси, тоне во крикот
на солзите, се крие низ
густиот смог.

**КАПКА**

Капка росна,
сјае, блика во жед
за љубов и раскош ко (не)
верна жена.

**ЗРАК, ЦВЕТ**

Зрак, цвет влажен,
цветне, цвета во шир
низ осамени молњи, во
ширен блесок.

**ПЕСОК**

Песок златен,
прска, праши долж потта
бледа, во миг на замор – крах,
и крај, во прав.

**СНЕГ, МРАЗ**

Снег, мраз мразен,
вее, мразни извик
на празни денови, во грч и
беда, од глад.

**КАМЕН**

Камен вжештен,
стени, стенка во страст:
- Нели сум јас бучавата
на шумот в молк?

**SВЕЗДА**

Ѕвезда јасна,
ѕвери, гласи мечта
за развратен пир и блуд во
гладната ноќ.

**САМРАК**

Самрак, блед мрак,
самне, ѕемни в трепет
од моќта на сонот за друг
нов свет – нов здрач.

NE KOPIRATI

DIOGEN pro culture magazine & DIOGEN pro art magazine -ISSN 2296-0929; ISSN 2296-0910
Publisher Einhorn Verlag, Kusnacht, Switzerland
E-mail: contact_editor@diogenpro.com / WWW: http://www.diogenpro.com/

**ШУМ, ЗВУК**

Шум, звук шут, тих,
шупи, згласи валцер
од меша на хир, солзи, дожд
и стрвна врева.

**ГЛАС, ВИК**

Глас, вик пргав, рѓав,
плуска, вие в пелтек
за вкус на туѓа плунка, и
некој друг свет.

**ОГАН**

Оган страстен,
гори, пламти в занес,
за само уште една сласт –
блеска в очи.

NE KOPIRATI

DIOGEN pro culture magazine & DIOGEN pro art magazine -ISSN 2296-0929; ISSN 2296-0910
Publisher Einhorn Verlag, Kusnacht, Switzerland
E-mail: contact_editor@diogenpro.com / WWW: http://www.diogenpro.com/

## ЗЕМЈА

Земја ровка,
црни, црнее в одек, во
миг безимен, без крст и вера,
пред црна мајка.

## ГРЧ, ЗБОР, ПЛАЧ

Грч, збор, плач рапав,
шмука, збивта во пост
за мирен сон и една крка
долга младост.

NE KOPIRATI

PR
DIOGEN pro kultura
http://www.diogenpro.com